Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 14.06.2023

На 13.06.2023 во 23.50 часот во Штип, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при СВР Штип и од Полициската станица Штип го лишиле од слобода М.К.(18) од Штип. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, две дробилки, дигитална вага и други предмети. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.06.2023 околу 04.15 часот на улица „Видое Смилевски-Бато“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Н.(53) од тетовско Желино и А.Н.(49) од тетовско Џепчиште. Тие биле затекнати при обид да извршат кражба од плац на фирма во Тетово, а при лишувањето физички ги нападнале полициските службеници. Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени поднесоци.

Денеска (14.06.2023) во 00.30 часот во село Баница, струмичко, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Т.М.(37) од село Баница. Тој се сомничи дека околу полноќ физички нападнал едно лице од Струмица и му одзел личен предмет. Т.М. при лишувањето се однесувал агресивно кон полициските службеници. Одземеното било пронајдено. Т.М. бил задржан во Полициската станица Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (14.06.2023) околу 01.20 часот на улица „133“ во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 51-годишниот тетовец Б.Е. поради сомнение дека претходно извршил кражба во стан во Тетово. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.06.2023 во 23.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Д.(39) од Куманово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 136 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 20 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 20 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за некористење сигурносен појас, четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

Вчера (13.06.2023) на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 40 возачи . Од вкупно 40 возачи ,25 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 15 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 13.06.2023 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на мотоциклисти, дали и колку ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 16 прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-5). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на некористење на заштитни шлемови, односно кациги (ТЕ-8 и ГВ-5). Двајца не поседувале возачки дозволи, а еден имал истечена осигурителна полиса. На сите возачи-прекршители изготвени им се адекватни поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични глоби, кои зависно од прекршокот се движат од 50 евра за неносење заштитна кацига, 200 евра за истечена полиса до 250 евра во денарска противвредност за управување без положен возачи испит и валидна дозвола за тоа.

На 13.06.2023 во 13.25 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на булевар „Гоце Делчев“ во Струмица се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „голф“ со струмички регистарски ознаки, управувано од Љ.М.(68) од Струмица и мотоцикл „томос“ со струмички регистерски ознаки, управуван од П.П.(64) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Струмица, а увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 13.06.2023 во 12.45 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на ул. „ЈНА“ во Струга се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат“ со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Л.(39) од Охрид и мопед со струшки регистарски ознаки, управуван од М.Д.(44) од Прилеп, со место на живеење во Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Д., констатирани во Специјална болница „Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 13.06.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на кружна крстосница од ул.„Партизанска“ и ул.„Маркс Енгелс“, Ј.Ц.В.Р.(72) од Холандија, управувајќи мотоцикл „хонда“ со холандски национални ознаки излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Ф.Ц.В.Р.(72) од Холандија, констатирани во Специјална болница „Св. Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 13.06.2023 во 21.00 часот во Полициската станица Струга бил извршен службен разговор со А.Н.(50) од с.Велешта, струшко, затоа што, како што е пријавено, околу 12.15 часот во близина на спортска сала на улица „Боро Хаџиески“ во Струга го нарушил јавниот ред и мир со физички напад врз Б.К.(45) од с.Лабуништа, струшко. Известен е јавен обвинител и по документирање на случајот ОВР Струга ќе поднесе соодветен поднесок.

На 13.06.2023 во ОВР Прилеп, Д.Д.(50) од Прилеп пријавил дека на бул.„Гоце Делчев“ во Прилеп бил каснат од куче скитник.

На 13.06.2023 во 11.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.Т.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Франк Харкорт Манинг“ неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 13.06.2023 во 17.45 часот во Полициската станица Радовиш, С.И.(41) од Радовиш пријавил дека на улица „Даме Груев“ во Радовиш пронашол експлозивна направа. Пиротехничар до Дирекција за заштита и спасување и екипа на ОВР Радовиш извршил увид и било утврдено дека се работи за неексплодирана рачна бомба која потекнува од Првата светска војна. Бомбата била подигната за понатамошна постапка.

На 13.06.2023 во 18.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.С.(24) од Кичево затоа што во угостителски објект физички нападнал вработен од агенција за обезбедување, кој извршувал работни задачи. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.06.2023 во 20.15 часот во Полициската станица Центар, Т.П.(50) од Скопје, наставник во средно училиште на подрачје на Центар, пријавила дека за време на родителски состанок, З.Х.од Скопје, родител на ученичка, агресивно се однесувал и ѝ упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (14.06.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 54 возачи . Од вкупно 54 возачи, 38 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 16 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

Денеска (14.06.2023) од 07.00 до 12.00 часот на територијата на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната надвор од населено место. При контролата откриени и санкционирани биле вкупно 39 пречекорувања на максимално дозволената брзина (ТЕ-25 и ГВ-14). Едно од возилата (ТЕ) пречекорило за повеќе од 70 километри на час, 6 возила (ТЕ) за над 50 и така натаму. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични глоби кои се движат од 45 до 400 евра во денарска противвредност, а некои од нив и со времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 13.06.2023 во времето од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли. За време на контролата биле констатирани 8 прекршоци, од кои 7 за неносење заштитна кацига и 1 за управување без возачка потврда. Санкционирани биле и 33 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за непочитување пропишана брзина на движење, 2 за некористење сигурносен појас и 11 за непрописно паркирање.

На 13.06.2023 во периодот од 14.00 до 20.00 часот, при извршени сообраќајни контроли во Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале 09 мотоциклисти кои управувале мотоцикл без заштитна кацига-шлем и од сообраќај исклучиле еден мотоциклист кој управувал мотоцикл без возачка дозвола.

На 13.06.2023 во 16.20 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека нивниот штитеник Л.Б.(16), за кој беше пријавено дека на 12.06.2023 се оддалечил од установата, се вратил.

На 13.06.2023 во 16.25 часот во СВР Тетово, 36 - годишната гостиварка А.Д. пријавила дека околу 13.50 часот во деловна канцеларија на улица „Илинденска“ во Гостивар била физички нападната од Е.Б.(50) од Гостивар, а поради нерасчистени должничко-доверителски односи со нејзиниот сопруг. Се расчистува и документира случајот.

На 13.06.2023 во 09.22 часот во СВР Скопје, Н.И.(55) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Е.Б.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.06.2023 во 19.50 часот во СВР Скопје, Н.Т.(40) од Скопје пријавил дека околу 16.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.06.2023 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Волково, скопско, по претходни недоразбирања, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.К.(41) и Б.Т.(35), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.06.2023 околу 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„172“ во Скопје, полициски службеник, управувајќи патничко возило „фиат линеа“ со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР, при преземање службени дејствија, изгубил контрола и со возилото излетал од патот. Притоа, со телесни повреди се здобил полицискиот службеник, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ Скопје. Увид на местото извршила екипа на СВР Скопје.

На 13.06.2023 во 20.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„Крсте Мисирков“ во Скопје, едно лице со закана одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.06.2023 во 12.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.М.(30) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот малолетен син И.М.(13). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.06.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Психијатриската болница Бардовци се оддалечил пациентот В.С.(41) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.06.2023 во 14.20 часот во СВР Тетово, 74 - годишниот Н.А. од гостиварско Врапчиште пријавил дека во селото неговата малолетна внука била касната од куче скитник.

На 13.06.2023 во 13.10 часот, Б.Џ.(57) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Влашки пат“ во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, З.Ц.(44) од Кичево пријавил дека на улица „4 Јули“ во Кичево бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.И.(43) и О.И.(18), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда“. На 14.05.2023 во Гостивар, по претходна расправија, пријавените физички го нападнале Д.И.(37) од Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против В.М.(36) од село Ливада, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 01.06.2023 во угостителски објект во село Ливада, пријавениот физички го нападнал вработениот Ш.З.(58) и оштетил дел од инвентарот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ќ.А.(23) од село Беловиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 26.09.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронашле и одзеле марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.А.(18) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 06.06.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на лице од Битола, при што пронашле и одзеле предмети со остатоци од кокаин и марихуана и дигитална вага, а по преземени мерки било утврдено дека дрогата ја купувал од пријавениот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.П.(43) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 15.06.2022 во Битола, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што проаншле и одзеле кокаин и тетрахидроканабинол.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.М.(38) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори”. На 04.09.2022 на автопат Скопје - Велес, кај наплатна рампа „Сопот“, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „рено лагуна“, во кое се превезувал пријавениот, при што бил пронајден и одземен хероин.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријави против Ј.К.(54) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа“. На 11.06.2023 на патот Куманово - Крива Паланка, полициски службеници извршиле контрола на автобус со турски национални ознаки, при што пријавениот приложил фалсификувана меѓународен зелен картон за осигурување на автобусот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет